# МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**4111.**

Врз основа на член 8 ставовите (2) и (4) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/07, 86/08, 139/09 и 135/11), министерот за правда, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА БРОЈОТ И РАСПОРЕДОТ НА СЛУЖБЕНИТЕ СЕДИШТА НА НОТАРИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Правилникот за бројот и распоредот на службените седиште на нотарите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 1/08, 148/08, 91/13 и 183/16), во Прилог бр. 1 точка 7 во алинејата 1 бројот „2“ се заменува со бројот „3“,

Во точка 21 во алинејата 1 бројот „68“ се заменува со бројот „69“,

Во точка 26 во алинејата 1 бројот „9“ се заменува со бројот „10“.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-3676/5
6 октомври 2016 година
Скопје

Министер за правда,
**Валдет Џафери,** с.р.

# УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4112.**

Врз основа на член 11 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016) и членовите 89, 92 и 95 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/1992), а на предлог на Комисијата за организациони и кадровски прашања, Уставниот суд на Република Македонија на седницата одржана на 5 октомври 2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. За генерален секретар на Уставниот суд на Република Македонија се именува Александар Лазов, досегашен државен советник во Уставниот суд на Република Македонија, сметано од 5 октомври 2016 година.
2. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Су.бр. 648/2016
5 октомври 2016 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
**Елена Гошева,** с.р.

# ОДБОР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА „23 ОКТОМВРИ“

**4113.**

Врз основа на членовите 1, 2, 9, 11, 12, 16, 18 и 4-а од Законот за државните награди („Службен весник на Република Македонија“ број 52/2006, 54/2007 и 74/12), Одборот за доделување на државната награда „23 Октомври“ на седницата одржана на 29 септември 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА „23 ОКТОМВРИ“ ВО 2016 ГОДИНА ЗА ДОЛГОГОДИШНИ ОСТВАРУВАЊА ВО ОБЛАСТА НА НАУКАТА, КУЛТУРАТА, ОБРАЗОВАНИЕТО, ЗАШТИТАТА НА ДРЖАВНИТЕ ИНТЕРЕСИ И ПРОМОЦИЈА НА ДРЖАВНИТЕ ПРИОРИТЕТИ, ВРЕДНОСТИ И КУЛТУРНО-ИСТОРИСКОТО НАСЛЕДСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I. За остварување во областа на културата и уметноста, државната награда се доделува на:
- проф. д-р Драган Даутовски, музички уметник,
- Иван Петрушевски, актер и
- Реџаи Исени, ликовен уметник.

II. За остварување во областа на науката и образованието, државната награда се доделува на:
- проф. д-р Стефан Влахов, историчар и филозоф и
- проф. д-р Агим Пољоска, албанолог.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-4175/2
5 октомври 2016 година
Скопје

Претседател на Одборот
за доделување на Државната
награда „23 Октомври“
Академик **Вера Битракова - Грозданова,с.р**

# АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

**4114.**

Врз основа на член 58 став (8) и (10), член 59 став (3), (6) и (10) и член 61 став (5) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015 и 30/2016), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување, на седницата одржана на 5.10.2016 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД**

Член 1

Во Правилникот за членство во задолжителен пензиски фонд („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2013, 89/2014 и 110/2016) Образецот 1 се менува и гласи:

ЛОГО НА ДРУШТВОТО
Максимални димензии (10 см должина х 2 см висина) **Образец бр. 1**

**Договор за членство во задолжителен пензиски фонд** број

Склучен на ___/___/____;___/__/ во ____________ помеѓу:
*(ден, мес. год. час, мин.) (место)*

1. ____________________________________________________________
*(целосен назив на друштвото и контакт телефон)*

со седиште на ________________________________________________
*(адреса на друштвото)*

застапувано од агентот _________________________________________
*(име презиме и регистерски број)*

од една страна како друштво и

2. ______________________________________
*(име и презиме на членот)*
______________________________________
*(адреса и место на живеење)* *(МБГ)*

од друга страна како член.
Премин од друг задолжителен пензиски фонд

Член 1

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу страните на договорот.

Член 2

Покрај основните податоци, членот има обврска да ги достави до друштвото и следните податоци:

Датум и место на раѓање: ____/____/____ _____________, пол ____________
*(ден, мес. год.) (место)*
Датум на прво вработување ____/____/____
*(ден, мес. год.)*
Адреса за кореспонденција: ______________________________________,

контакт телефон со повикувачки број: __________________, *електронска пошта*: ___________________________.

Член 3

Со овој договор членот се зачленува и стекнува својство на член во задолжителен пензиски фонд ____________________________________ управуван од друштвото.
*(назив на задолжителниот пензиски фонд)*

Член 4

(1) Со потпишување на овој договор членот се обврзува дека едновремено ќе членува само во овој задолжителен пензиски фонд. Кога членот прв пат потпишува договор за членство во задолжителен пензиски фонд има право во рок од осум работни дена по потпишување на договорот, да го раскине договорот со писмен поднесок, кој го доставува до друштвото.

(2) Член на задолжителен пензиски фонд кој сака да премине во друг задолжителен пензиски фонд треба да потпише договор за премин со друштво кое управува со другиот задолжителен пензиски фонд, потпишување изјава за согласност за премин и со плаќање надоместок за премин согласно со членот 98 став (1) точка в) од Законот.

Член 5

(1) Друштвото се обврзува дека, по зачленување на осигуреникот, ќе воспостави индивидуална сметка на име на членот во задолжителниот пензиски фонд со кој тоа управува.

(2) Друштвото се обврзува дека средствата на членот ќе ги инвестира со цел остварување на највисок принос единствено во полза на членот и преку диверзификација и финансиска анализа ќе го минимизира ризикот од загуби.

(3)Друштвото се обврзува дека при управувањето и контролата на инвестирањето на средствата ќе применува степен на грижа, делотворност и вештини кои би ги применувал разумен човек при инвестирање на сопствените средства.

(4) Друштвото се обврзува редовно да го известува членот за состојбата на неговата индивидуална сметка и за инвестирањето на средствата на задолжителниот пензиски фонд.

Член 6

(1) Друштвото односно агентот е должен да обезбеди тајност и заштита на личните податоци, на членот со кој го склучува овој договор, согласно член 23 од Законот за заштита на личните податоци.

(2) Во случај на промена на личните податоци од овој договор, членот е должен да го извести друштвото со цел личните податоци да бидат ажурирани.

Член 7

(1) Друштвото има право да ги наплатува единствено следните надоместоци:

а) надоместок од придонесите во висина од ______ % од уплатените придонеси во задолжителен пензиски фонд;

б) месечен надоместок во висина од __________%од вредноста на нето средствата на задолжителниот пензиски фонд, за покривање на трошоците на друштвото; и

в) надоместок при пренос на средствата во друг задолжителен пензиски фонд, под услов членот кој преминува да бил член во постојниот фонд пократко од 24 месеци пред да премине во идниот пензиски фонд.

(2) Висината на надоместокот од став (1) точки а) и б) на овој член е променлива категорија. Во примена е надоместокот определен од друштвото, кој е во рамките на максималната висина на надоместоците пропишани со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Член 8

Овој договор има важност до моментот додека членот:

а) стекне членство во друг задолжителен пензиски фонд;

б) стекне правото на старосна пензија;

в) стекне право на инвалидска пензија;

г) во случај на смрт;

д) други случаи на повлекување на средствата од задолжителен пензискиот фонд согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување или

ѓ) поништување на неговата регистрација во Регистарот на членовисогласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување .

Член 9

Договорот е потпишан во два примероци од кои по еден за секоја договорна страна.

Член 10

Овој договор влегува во сила по внесот на податоците од договорот во информацискиот систем на Агенцијата и регистрација на членот во Регистарот на членови.

Член 11

Одредбите на овој договор се променливи согласно измените и дополнувањата на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Потпис на членот Потпис на агентот

_____________________ _____________________

*Упатство за пополнување:*
*1. Сите празни места во договорот за членство треба да бидат пополнети со печатни букви или со употреба на компјутер или машина за пишување.*
*2. Сите полиња се задолжителни освен оние напишани со ракописни букви.*
*3. Во случај на премин на член од еден во друг задолжителен пензиски фонд, полето за премин задолжително се пополнува.*
*4. Доколку поднесокот за раскинување на договорот, биде пратен по пошта, истиот треба да биде пратен како препорачано писмо во рок од осум работни дена од потпишувањето на договорот.*
*5. Идентитетот на осигуреникот се проверува од агентот на друштвото, врз основа на документот за лична идентификација.*

Член 2

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.01-1288/2
6 октомври 2016 година
Скопје

Претседател
на Советот на експерти,
д-р **Булент Дервиши,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје**
**бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – Лука Кржалоски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2016 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622

2016185